Се изврши санација на повеќе тротоари низ градот.Се изврши ревитализација на патните премини со инсталирање на монтажни елементи од рециклирана гума на повеќе локации.

Од предвидените средства во износ од 49.681.542,00 денари се потрошени средства во износ од 38.193.910,00 денари (76,88 %).

**ЈФ0 Изградба на сообраќајна сигнализација**

Во 2023 година се изврши наплата на вибро лентите поставени на улица Вардарска и се набави машина за бележење на хоризонтална сигнализација на локални патишта и улици на територија на Општина Велес.

Од предвидените средства во износ од 3.600.000,00 денари се потрошени средства во износ од 3.550.887,00 денари (98,64 %).

**Ј80 Други комунални услуги**

Во 2023 година не се изврши отстранување на објекти ниту пак отстранување на објекти склони на рушење. Не се случи непогода или одрони поради што и немаше потреба од користење на овие средства.

Од предвидените средства во износ од 900.000,00 денари се потрошени средства во износ од 0,00 денари (0,00 %).

**ЈЛА Други комунални услуги (капитални расходи)**

Се заврши со реализација на проектот Изградба на Покриен Градски пазар. Се искористија средствата од Владата на РСМ, а дообезбедување на срества се обезбедија од буџетот на Општина Велес во износ од 6.346.555,00 денари.

Од предвидените средства во износ од 6.346.555,00 денари се потрошени средства во износ од 6.346.555,00 денари (100,00 %).

**ЈЛБ Други комунални услуги (капитални расходи)**

Се изгради нова инфраструктура во Сателитска Населба Езеро Младост во износ од 3.557.968,00 денари.Од предвидените средства во износ од 4.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 3.557.968,00 денари (88,95 %).

**ЈЛВ Други комунални услуги (капитални расходи)**

Се пристапи кон реализација на реконструкција на улиците околу Градскиот пазар. Беше доставена првата времена ситуација, меѓутоа согласно Развојната програма во 2023 година беше потребно да се плати само првата рата.Од предвидените средства во износ од 850.000,00 денари се потрошени средства во износ од 36.241,00 денари (42,97 %).

Дел од изведените активности во 2023 година согласно Договорите и динамиката за исплата на доставените ситуации ќе се реализира во 2024 година. Финансискиот дел од извештајот се однесува на изведените работи кои се наплатени. Изведените работи кои не се исплатени не се вкалкулирани во процентуалниот износ на реализација.

Финансиски извештај –Програма за уредување на градежно земјиште 2023

**седма измена на Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес во 2023 година.**

| | РАСХОДИ | Ден. | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО:** | **141.382.248** | **104.770.684** | **74,105** | **36.611.564** |
| **Ф** | **Урбано планирање** | **16.602.151** | **8.966.939** | **54,011** | **7.635.212** |
| **Ф20** | **Уредување на градежно земјиште** | **1.700.000** | **348.937** | **20,526** | **1.351.063** |
| 1 | Надзор на изведбата на градежни објекти | 200.000 | 76.069 | **38,035** | 123.931 |
| 2 | Геодетски услуги | 1.000.000 | 209.148 | **20,915** | 790.852 |
| 3 | Геомеханички испитувања | 500.000 | 63.720 | **12,744** | 436.280 |
| **Ф30** | **Уредување на простор во рурални подрачја** | **11.652.151** | **6.584.310** | **56,507** | **5.067.841** |
| 1 | Асфалтирање или бетонирање на улици во рурални подрачја | 11.652.151 | 6.584.310 | **56,507** | 5.067.841 |
| **ФА0** | **Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** | **3.250.000** | **2.033.692** | **62,575** | **1.216.308** |
| 1 | Изработка на студии, инвестиционо техничка документација, проектирање на објекти од високо и ниско градба, паркинзи, катни гаражи, сообраќајни студии и др. | 3.000.000 | 1.879.192 | **62,640** | 1.120.808 |
| 2 | Експропријација на градежно земјиште | 250.000 | 154.500 | **61,800** | 95.500 |
| **J** | **Комунални дејности** | **124.780.097** | **95.803.745** | **76,778** | 28.976.352 |
| **J00** | **Одржување на урбана опрема** | **500.000** | **284.912** | **56,982** | **215.088** |
| 1 | Одржување на разна урбана опрема, поправка, замена и фарбање на столбчиња, парапети , канделабри, огради и останати елементи | 500.000 | 284.912 | **56,982** | 215.088 |
| **JH0** | **Урбана опрема (капитални расходи)** | **8.400.000** | **4.661.026** | **55,488** | **3.738.974** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на нова урбана опрема и поставување на детски реквизити во урбани и рурални средини | 7.000.000 | 4.168.544 | 59,551 | 2.831.456 |
| 2 | Ракохвати и огради во високите зони од градот | 1.300.000 | 435.842 | 33,526 | 864.158 |
| 3 | Одржување на украсни фонтани во град Велес | 100.000 | 56.640 | 56,640 | 43.360 |
| **J10** | **Снабдување со вода** | **100.000** | **36.222** | **36,222** | **63.778** |
| 1 | Одржување на водоводни линии во населени места на територија на општина Велес и превземање на потребните активности за доведување во состојба на бактериолошка исправност на селските водоводи | 50.000 | 19.181 | 38,362 | 30.819 |
| 2 | Интервентно водоснабдување во населени места | 50.000 | 17.041 | 34,082 | 32.959 |
| **JГ0** | **Изградба на истеми за водоснабдување** | **6.500.000** | **608.890** | **9,368** | **5.891.110** |
| 1 | Водоснабдување со изградба на нова водоводна линија до комплекс згради кон Киро Ќучук | 6.000.000 | 0 | 0,000 | 6.000.000 |
| 2 | Изградба на нови водоводни линии на територија на Општина Велес | 500.000 | 608.890 | 121,778 | -108.890 |
| **J20** | **Одведување и пречистување на отпадни води** | **2.500.000** | **1.399.826** | **55,993** | **1.100.174** |
| 1 | Изградба на атмосверски канали на територија на Општина Велес и санации на постоечките | 1.000.000 | 5.040 | 0,504 | 994.960 |
| 2 | Одржување на фекална и атмосверска канализација на територија на Општина Велес | 500.000 | 438.096 | 87,619 | 61.904 |
| 3 | Изработка на канал за прифаќање на атмосверски води на улица Славјанска спој со Богдан Каракостев | 1.000.000 | 956.690 | 95,669 | 43.310 |
| **JИ0** | **Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** | **2.000.000** | **676.641** | **33,832** | **1.323.359** |
| 1 | Изведба на краци од фекална канализација на територија на Општина Велес | 2.000.000 | 676.641 | 33,832 | 1.323.359 |
| 2 | Изградба на секондарна канализациона линија до комплекс згради кон Киро Ќучук и во населба Речани | 0 | 0 | 0,000 | 0 |
| **J30** | **Јавно осветлување** | **31.550.000** | **30.731.094** | **97,404** | **818.906** |
| 1 | Потрошена електрична енергија | 25.000.000 | 23.887.302 | 95,549 | 1.112.698 |
| 2 | Одржување на јавно осветлување | 1.800.000 | 2.267.294 | 125,961 | -467.294 |
| 3 | Отстранување на дефекти во разводни ормари за улично | 900.000 | 457.561 | 50,840 | 442.439 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | осветлување | | | | |
| 4 | Набавка на репро материјал | 400.000 | 369.909 | **92,477** | 30.091 |
| 5 | Новогодишно украсување | 3.300.000 | 3.625.877 | **109,875** | -325.877 |
| 6 | Дислокација на ормари надвор од трафостаница | 150.000 | 123.151 | **82,101** | 26.849 |
| **JA0** | **Изградба на јавно осветлување** | **1.602.000** | **1.334.709** | **83,315** | **267.291** |
| 1 | Проширување на мрежа на улично осветлување на територија на Општина Велес | 1.052.000 | 557.258 | **52,971** | 494.742 |
| 2 | Реконструкција на мрежа (пратење на изградба на мрежи од страна на ЕВН) | 350.000 | 216.903 | **61,972** | 133.097 |
| 3 | Осветлување во Индустриски зони и сателитски населби | 0 | 418.873 | **#DIV/0!** | -418.873 |
| 4 | Проширување на мрежа во населени места во Општина Велес | 100.000 | 0 | **0,000** | 100.000 |
| 5 | Изведба на ново мерно место | 0 | 141.675 | **#DIV/0!** | -141.675 |
| 6 | Зафати во мрежа и сервисирање на енергетска подршка за организација на културно забавни и спортски манифестации | 100.000 | 0 | **0,000** | 100.000 |
| 7 | Замена на оштетени и дотраени кабли, спојки и држачи при реконструкција на улично осветлување | 0 | 0 | **#DIV/0!** | 0 |
| **J60** | **Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај** | **6.250.000** | **4.055.864** | **64,894** | **2.194.136** |
| 1 | Бетонирање на улици - интервентно | 500.000 | 0 | **0,000** | 500.000 |
| 2 | Бетонирање на потпорни ѕидови - интервентно | 500.000 | 98.779 | **19,756** | 401.221 |
| 3 | Зимско одржување на локални патишта и улици | 500.000 | 0 | **0,000** | 500.000 |
| 4 | Редовно одржување - непредвидени работи (крпење на ударни дупки на асфалтни и бетонски улици.) | 1.500.000 | 1.782.138 | **118,809** | -282.138 |
| 5 | Одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација | 2.000.000 | 1.525.799 | **76,290** | 474.201 |
| 6 | Чистење на банкини на локални патишта и улици на територија на Општина Велес (Чистење и одржување на патен и заштитен појас на општинските патишта и улици) | 250.000 | 63.103 | **25,241** | 186.897 |
| 7 | Отстранување на последици од елементарни непогоди | 500.000 | 575.661 | **115,132** | -75.661 |
| 8 | Одржување и реконструкција на локални патни правци на територија на Општина Велес | 500.000 | 10.384 | **2,077** | 489.616 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЈД0** | **Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** | **49.681.542** | **38.193.910** | **76,877** | **11.487.632** |
| 1 | Изградба и реконструкции на улици на територија на Општина Велес со бетонирање | 13.368.254 | 11.376.287 | **85,099** | 1.991.967 |
| 2 | Изградба и реконструкции на улици на територија на Општина Велес со асфалтирање | 20.700.000 | 17.557.112 | **84,817** | 3.142.888 |
| 3 | Реконструкција на улици на територија на Општина Велес и изведба на нови улици со поплочување со префабрикувани бетонски елементи | 3.703.288 | 1.588.111 | **42,884** | 2.115.177 |
| 4 | Изведба на потпорни ѕидови | 5.000.000 | 3.330.277 | **66,606** | 1.669.723 |
| 5 | Интервентно санирање на нестабилни карпести блокови од страна на граѓани и изведба на заштитни потпорни ѕидови и интервентно бетонирање на улици | 300.000 | 272.549 | **90,850** | 27.451 |
| 6 | Изведба или реконструкција на тротоари | 4.000.000 | 1.559.749 | **38,994** | 2.440.251 |
| 7 | Ревитализација на патните премини (вкрстување со железнички пруги) - инсталирање на монтажни елементи од рециклирана гума ( Стар Мост, Речани, Оризари,железнички премин на ул.Страшо Пинџур и др. ) | 1.710.000 | 2.434.305 | **142,357** | -724.305 |
| 8 | Средства наменети за Македонски железници за издавање на услови за изработка на техничка документација за повеќе проекти и услови за надзор каде што се трасата на објектите се вкрстува со објекти на МЖ | 300.000 | 75.520 | **25,173** | 224.480 |
| 9 | Рушење на армирано бетонски ѕид на улица Луј Пастер | 600.000 | 0 | **0,000** | 600.000 |
| **ЈФ0** | **Изградба на сообраќајна сигнализација** | **3.600.000** | **3.550.887** | **98,636** | **49.113** |
| 1 | Поставување на средства за смирување на сообраќајот на територијата на општина Велес | 1.000.000 | 954.887 | **95,489** | 45.113 |
| 2 | Набавка на машина за бележење на хоризонтална сигнализација на локални патишта и улици на територија на општина Велес | 2.600.000 | 2.596.000 | **99,846** | 4.000 |
| **Ј80** | **Други комунални услуги** | **900.000** | **0** | **0,000** | **900.000** |
| 1 | Рушење на бесправно изградени објекти | 300.000 | 0 | **0,000** | 300.000 |
| 2 | Рушење на стари објекти склони на паѓање | 300.000 | 0 | **0,000** | 300.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Интервентни активности при појава на одрони | 300.000 | 0 | **0,000** | 300.000 |
| **ЈЛА** | **Други комунални услуги** | **6.346.555** | **6.346.555** | **100,000** | **0** |
| 1 | Изведба на Покриен Градски пазар (Фаза 1) средства обезбедени од буџетот на Општина Велес | 6.346.555 | 6.346.555 | **100,000** | 0 |
| **JAA** | **Изградба на јавно осветлување** | **0** | **0** | **#DIV/0!** | **0** |
| 1 | Реновирање и модернизација на системот за улично осветлување | 0 | 0 | **#DIV/0!** | 0 |
| **ЈЛБ** | **Други комунални услуги (капитални расходи)** | **4.000.000** | **3.557.968** | **88,949** | **442.032** |
| 1 | Инфраструктура во Индустриски зони и Сателитска Населба (асфалтирање на улици во ИЗ УЗУС , ИЗ Мамутчево, улици во сателитска населба Езеро Младост и др.) | 4.000.000 | 3.557.968 | **88,949** | 442.032 |
| **ЈЛВ** | **Други комунални услуги (капитални расходи)** | **850.000** | **365.241** | **42,970** | **484.759** |
| 1 | Реконструкција на дел од улиците Петре Прличко, Кресненско востание и Нада Бутникошарева во Општина Велес | 850.000 | 365.241 | **42,970** | 484.759 |

## Извештај од работата на Одделението за урбанизам за 2020 година

**1. Урбанистички планови**

Во постапка заклучно со 12. 2023 година:
ГУП (планска програма)
ДУП 15 + 4 по нова постапка
ЛУПД 5
Завршени заклучно со 12. 2023 година:
ДУП 2
ЛУПД 3

**2. Урбанистички проекти**

во постапка заклучно со 12. 2023 година:
Плански програми - 4
УП член 58, став 2 - /
УП член 58, став 6 - 15
УП член 63, - 9
Услови за планирање
на просторот 14
________________________
44

**завршени заклучно со 12. 2023 година**:
Иницијативи: 42
Плански програми - 27
УП член 58, став 2 - 16
УП член 58, став 6 - 22
УП член 63, - 3
Техничка исправка /
Услови за планирање
на просторот 17
________________________
71

**3. Останати предмети завршени заклучно со 12. 2023 година:**

Изводи од планови и потврди
- Извод од ГУП и ДУП – 323
- Извод од Општ акт и УП – 39
- Потврди – 11 + 17 + 80+27 + 74 234

**Одобренија за отстранување на градба** - 11
Промена на култура - /
Одлуки за Хидролошки студии - /
Одлуки за неспроведување Стратегиски оцени 7
Легализации 229

Одобренија за поставување урбана опрема: 89
Пресметки за урбана опрема: 104
Проектни Програми за основни проекти и елаборати: 3
Писма потврди : 102

**4. Одобренија и решенија**
завршени заклучно со 12. 2023 година:
- Решение за адаптација – 7
- Решение за градби за кои не е потребно одобрение – 9
- Изводи во систем (градежна дозвола) – 22
- Решение за измени во тек на градба – 13
- Одобрение за градба – 34
- Решение за промена на инвеститор – 8
- Решение за реконструкција – 14
- Решение за реконструкција за линиски објекти – 1

известување за поставување фотоволтаици: 5

**5. Градежно земјиште**
Примени: 36 барања
Решенија за уважување: 16
Решенија за одбивање: 4
Решение за прекин: 8
Службени белешки: 23
Од непосредна спогодба 1 675 470 денари
Од јавно наддавање 2 201 500 денари
Вкупно пари: 3.876.970 денари

**6. Програма за поставување времени објекти 1 во постапка**

# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ЕВРОИНТЕГРАЦИИТЕ И ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО 2023 ГОДИНА

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Февруари 2024

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.19/22) се донесе во транспарентна постапка, во две фази како нацрт и предлог-документ.

Со вкупно планирани средства од буџетот на Општина Велес за 2023 година во износ од 19.308.961,00 денари и планирани средства од надворешни фондови на домашни и меѓународни институции како поддршка при реализација на проектите, во износ од 65.162.492,00 денари. Вкупен износ од 84.471.454,00 денари.

Активностите во Одделението за евроинтеграции и локален економски развој, согласно програмата опфаќаат активности за реализација на веќе започнатите проекти, реализација на процесите на преговори со донаторите за финалниот износ на проектните буџети, поднесување на нови проектни апликации, обезбедување на проектно - техничка документација за идни апликации на проекти, изработка на нови стратешки документи и реализација на проекти и активности финасирани од буџетот на Општина Велес.

Во текот на фискалната 2023 година се донесени четири измени и дополнувања на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.19/22, 7/23, 9/23, 15/23 и 16/23) како резултат на одобрени проектни апликации, склучување на договори, како и преземање на други активности потребни при нивната реализација.

Согласно Програмата се реализираа следните активности, и тоа:

**1. ПРОЕКТ ПАМЕТНИ РЕШЕНИЈА ЗА ВЕЛЕС ЕУ ИПА ПРОГРАМА ЕУ ЗА ОПШТИНИТЕ (УРЕДУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ)**

Со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година („Службен гласник на Општина Велес" бр. 9/23), во точката со реден број 1, за активност „Проект Паметни решенија за Велес ЕУ ИПА Програма ЕУ за општините (Уредување на централно градско подрачје)" се изврши намалување на планираните финансиски средствата за учество на Општина Велес во реализацијата на проектот до крајот на фискалната 2023 година, од причина што по ревизијата на финансиската состојба на проектната сметка која е усогласена со утврдената временска рамка за реализација на проектот, се констатира дека до крајот на фискалната 2023 година за реализација на планираните активности потребни се средства во висина од 1.500.000,00 денари. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката во износ од 2.216.792.00 денари, се замени со износот 1.500.000,00 денари. Преостанатите 716.792,00 денари се префрлени во точка со реден број 14.

Со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година („Службен гласник на Општина Велес" бр. 15/23), во точката со реден број 1, за активност „Проект Паметни решенија за Велес ЕУ ИПА Програма ЕУ за општините (Уредување на централно градско подрачје)", се изврши зголемување на планираните финансиски средствата за учество на Општина Велес во реализацијата на проектот до крајот на фискалната 2023 година, од причина што по ревизијата на финансиската состојба на проектната сметка која е усогласена со утврдената временска рамка за реализација на проектот, се констатираше дека до крајот на фискалната 2023 година за реализација на планираните активности потребно е да се дообезбедат средства во висина од 1.000.000,00 денари. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката, во износ од 1.500.000,00 денари, се замени со износот 2.500.000,00 денари.

Проект со својата реализација започна во 2022 година, а се планира да заврши до 14.01.2025 година.

**2. ПРОЕКТ „КРЕАТИВНИ МОЖНОСТИ ВО ТУРИЗМОТ – CounT - ИПА ИНТЕРРЕГ ПРОГРАМА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА СО РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА**

Со проектот се изврши реконструкција на кејот на десната страна на река Вардар од мостот „Гемиџии“ на улица „Илинденска“ до „Мало Мовче“ (мал пешачки мост) во вкупна должина од 200 метри, како и изградба на унифицирани типски продавници за развој и промоција на занаетитите, со поттикнување на развојот на локалната економија преку туризмот. Со проектот се предвидоа и т.н меки мерки за едукација, работилници и активности за промоција.

Проектот се финансираше преку програмата ИНТЕРРЕГ - ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, со вкупен буџет во износ од 438.452,25 евра од Европската комисија со Договор за грант бр.CN2-SO1.3-SC056 од 31.01.2022 година склучен помеѓу Управниот орган на целите на „Програми за европска територијална соработка“ на Министерството за развој и инвестиции, како раководен орган на Програмата за прекугранична соработка Interreg ИПА „Грција-Република Северна Македонија 2014-2020“ и Општина Велес како водечки корисник, во износ од 372.684,41 евра и Министерството за локална самоуправа со Договор за кофинансирање на проект од Програмата за прекугранична соработка Interreg ИПА „Грција-Република Северна Македонија 2014-2020“, со бр.08-207/29 од 12.09.2022 година склучен помеѓу Министерството за локална самоуправа и Општина Велес како корисник, во износ од 65.767,84 евра.

**3. ПРОЕКТ ИНО ЕКОСИСТЕМ - ИПА ПРОГРАМА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА СО ГРЦИЈА (СПРОВЕДУВАН ОД ЦРВПР). РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТ НАРОДНА КУЈНА, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ИНОВАЦИСКИ ЦЕНТАР ЗА МЛАДИ**

Целта на проектот „Креирање на иновациски екосистем за поддршка на можностите за вработување на младите таленти од ИТ секторот во прекуграничниот регион“ (INNO-ECOSYSTEM) е креирање на одржлив Регионален центар за иновации во постојниот објект „Народна кујна“ со површина од 113 м2, во сопственост на Општина Велес. Проектот се однесува на креирање на Регионален хаб за иновации кој ќе овозможи интегриран пристап во поддршката и развојот на иновациите кај младите генерации и воопшто кај сите креативни иноватори во регионот како основа за одржлив економски развој.

Вкупната вредноста за реализација на проектот изнесуваше износ од 125.179,17 евра од кои Европската комисија обезбеди средства во износ од 85% од вредноста на проектот, а Цнтарот за развој на Вардарскиот плански регион обезбеди средства во износ од 15% од вредноста на проектот.

Врз основа на склучениот Договор за соработка при реализација на проект „Креирање на иновациски екосистем за поддршка на можностите за вработување на младите таленти од ИТ секторот во прекуграничниот регион“ (INO-ECOSYSTEM) во програмата ИНТЕРРЕГ-ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, помеѓу Општина Велес и Центарот за развој на Вардарски плански регион **в**о буџетот на Општина Велес за оваа намена се обезбедија средства во износ од 1.154.778,00 денари.

По завршувањето на проектот, согласно правилата за национално кофинансирање, средствата за учество во проектот ќе ги покрие Министерството за локална самоуправа, по што Центарот за развој на Вардарскиот плански регион ќе ги врати во буџетот на Општина Велес.

При реализацијата на проектот, се изврши и реконструкција на кровот на постојниот објект „Народна кујна“ со средства од буџетот на општината во износ од 366.504,00 денари.

**4. МЕРКИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ - СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СОНЧЕВИ КОЛЕКТОРИ**

Во точката со реден број 4, за активност „Мерки за енергетска ефикасност - Субвенционирање на сончеви колектори“, се планираа средства за субвенционирање на сончеви колектори, со цел заштита на животната средина и енергетската ефикасност. Планираните средства од буџетот на Општина Велес во износ од 500.000,00 денари, се реализирани во целост.

**5. ПОДДРШКА НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВПР**

Во точката со реден број 5, за активност „Поддршка на Центарот за развој на ВПР“ се планираа средства за менаџирањето во рамки на проктите кои се реализираат преку Центарот за развој на Вардарскиот плански регион. Планираните средства од буџетот на Општина Велес во износ од 1.215.044,00 денари, се исплатени во целост.

**6. ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ**

Во точката со реден број 6, за активност „Европска недела на мобилност“ во буџетот на општината се планираа средства во износ од 60.000,00 денари, наменети за организација на Европската недела на мобилност во 2024 година со кои се обезбеди озвучување, промотивен материјал, исплата на волонтери, вода, бои и лакови и паркинзи за велосипеди. По спроведувањето на активности со планираните финансиски средства од оваа точка, се исплатија превземени финасиски обврски во висина од 37.700,00 денари. Преостанатите средства се префрлени во точка со реден број 14.

**7. ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ПРЕКУ ПРОГРАМАТА РОМАКТЕД 2**

Во точката со реден број 7, за активност „Проект финансиран преку програмата РомАктед 2,“ со проектот се изврши реконструкција на пристапна патека на улица „Јордан Џунов“ (Акција 1) и мерки за закрепнување по ковид при реконструкција на јавната канализациона мрежа на улица „Јордан Џунов“ (Акција 2) во општина Велес.

Вкупна вредност на проектот изнесуваше 18.746 евра (во денарска противвредност) без ДДВ. Средствата во износ од 14.723 евра (во денарска противвредност) или 79 % од вкупната вредност на проектот се обезбедени од Европска Унија/Совет на Европа преку програмата на Ромактед 2 за „Промовирање на добро владеење и зајакнување на Ромите на локално ниво“. Средтсвата во износ од 4.023 евра (во денарска противвредност) или 21% од вкупната вредност на проектот се обезбедени од Институт за истражување и анализа Ромалитико Скопје финансиран од Агенција на САД за меѓународен развој УСАИД – Македонија, со кои Општина Велес од истата причина склучи Договор за соработка, заради реализација на проект/локална акција – Реконструкција на фекална канализација и пристапна патека улица Јордан Џунов во општина Велес – определени приоритети од граѓаните. Проектот со поднесувањето на финален и наративен извештај завршува во март 2024 година, по што ќе следи исплата на преостанатиот дел во износ од 15% од доделениот грант.

**8. БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ (ИЗГРАДБА НА УЛИЦА „1“ И КРАК НА УЛИЦА „1“ ВО СЕЛО СОЈАКЛАРИ)**

Во точката со реден број 8, за активност „Биро за регионален развој (Изградба на улица „1“ и крак на улица „1“ во село Сојаклари)“, се изврши намалување на планираните финансиски средства од причина што по спроведена постапка за јавна набавка односно склучени договори се констатираше дека се потребни средства во износ од 807.109,00

денари. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката, во износ од 1.226.239,29 денари се замени со износот 807.109,00 денари (во двете колони). Преостанатите сретства се префрлени во точката со реден број 14.

**9. БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ (ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО СОЈАКЛАРИ)**

Во точката со реден број 9, за активност „Биро за регионален развој (Партерно уредување и поставување на урбана опрема на детско игралиште во село Сојаклари)", се изврши намалување на планираните финансиски средства од причина што по спроведена постапка за јавна набавка односно по склучени договори констатирано е дека се потребни средства во висина од 605.975,00 денари. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката, во износ од 630,975.00 се замени со износот 605.975,00 денари (во двете колони). Преостанатите сретства се префрлени во точката со реден број 14.

**10. БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ (РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ - НАСЕЛБА ТУНЕЛ)**

Во точката со реден број 10, за активност „Биро за регионален развој (Реконструкција на спортско игралиште – населба Тунел), општината аплицираше со проектот за обезбедување на финансиски средства од Бирото за регионален развој во рамки на јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојно потреби и за развој на селата во 2022 година. Реализацијата на проектот продолжи и во 2024 година со истите планирани средства во износ од 2.362.200,00 денари од буџетот на општината, се до неговата целосна реализација. Од планираните средства во оваа точка, не се изврши исплата во 2023 година, а реализацијата на проектот продолжува во 2024 година.

**11. ПОДДРШКА НА ЛАГ**

Во точката со реден број 11, за активност „Поддршка на ЛАГ", се изврши намалување на планираните финансиски средства од причина што по исплата на обврската се констатираше дека се потребни средства во висина од 8.000,00. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката, во износ од 20.000,00 се замени со износ од 8.000,00. Преостанатите сретства се префрлени во точката со реден број 14.

**12. ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ПОВРЗАНА СО ТУРИЗМОТ И СПОРТОТ, ПРЕКУ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКОВИ И ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ЦЕНТРИ ВО ОПШТИНИТЕ ВЕЛЕС, СВЕТИ НИКОЛЕ И РОСОМАН**

Во точката со реден број 12, за активност „Подобрување на инфраструктурата поврзана со туризмот и спортот, преку реконструкција на паркови и изградба на спортски центри во општините Велес, Свети Николе и Росоман", Општина Велес обезбедеи средства за финансиско учество за имплементација на проектот во висина од 7.653.597,00 денари со ДДВ. Општина Велес во рамки на овој проект учествува со реализација на два основни проекти, и тоа: Основен проект за реконструкција и поставување урбана опрема за рекреативните површини во Младински парк (во износ од 3.164.500,00 денари со ДДВ) и Основен проект за реконструкција на спортски терени и поставување на урбана опрема –„Дворови" (во износ од 4.489.097,00 денари со ДДВ) согласно Одлуката за финансиско учество во проект „Подобрување на инфраструктурата поврзана со туризмот и спортот, преку реконструкција на паркови и изградба на спортски центри во општините Велес, Свети Николе и Росоман" со бр.25-2220/8 од 28.04.2022 година.

## 13. НАБАВКА НА ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО

Во точката со реден број 13, за активност „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општините Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални специјализирани возила согласно европските стандарди“ согласно склучениот Договорот со бр.08-4944/1 од 27.12.2021 година, за соработка при реализација на проект „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општините Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални специјализирани возила согласно европските стандарди“ и Договорот со бр.08-4107/1 од 13.09.2022 година, за изменување и дополнување бр.1 на основниот договор за соработка и реализација на проектот, како и Одлука за кофинансирање на проектот, со бр.25-3919/8 од 31.08.2022 година на Советот на Општина Велес, за реализација на овој проект Општина Велес кофинансираше средства од буџетот на Општина Велес во износ од 1.809.336,00 денеари.

## 14. ПРЕДФИНАСИРАЊЕ/ФИНАСИСКО УЧЕСТВО НА ИНВЕСТИЦИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД НАДВОРЕШНИ ИЗВОРИ

Средствата од оваа точка се со намена за предфинасирање/финансиско учество на инвестиција за реализација на одобрените проекти на општината, кои се финансирани од надворешни извори (домашни и/или меѓународни програми, домашни и/или странски институции или фондови). Како предфинансирање на инвестиција се смета исплата на дел од средствата за реализација на инвестицијата од страна на Општина Велес, за потоа исплатениот износ да се врати во Буџетот на Општина Велес.

Во точката со реден број 14, за активност „Предфинасирање/финасиско учество на инвестиција за реализација на одобрени проекти финансирани од надворешни извори“, се планираа финансиски средства од буџетот на Општина Велес, во износ од 9.000.000,00 денари со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развојво 2023 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.9/23). Со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развојво 2023 година („Службен гласник на Општина Велес” бр. 15/23), се изврши зголемување на планираните финансиски средствата со износ од 11.175.026,00 денари. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката, во износ од 9.000.000,00 се замени со износот 20.175.026,00. Како и поради тоа што во буџетот на општината во меѓувреме имаше прилив на дел од планираните финансиките средствата, од страна на надворешните извори со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развојво 2023 година („Службен гласник на Општина Велес” бр. 16/23), се изврши повторно намалување на финансиските средства од оваа точка, во износ од 2.021.179,00 денари. Планираните средства во износ од 20.175.026,00 денари, се замени со износ од 18.153.847,00 денари.

За успешна реализација на проектот, Општина Велес се обврзува привремено да обезбеди и да трансферира средства на донаторската сметка на проектот „Креативни можности во туризмот КАУНТ“ согласно Одлуката на Советот на Општина Велес, за предфинасирање/финансиско учество на проектот „Креативни можности во туризмот“ (CounT) одобрен во програмата ИНТЕРРЕГ-ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, со бр.25-3041/11 од 04.07.2023 година (во износ од 9.000.000,00 денари), како и согласно Одлуката со бр.25-4676/6 од 15.11.2023 година на Советот на Општина Велес, за предфинасирање/финансиско учество на проектот

„Креативни можности во туризмот“ (CounT) одобрен во програмата ИНТЕРРЕГ-ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, за успешна реализација на проектот (во износ од 9.153.844,00 денари).

**15. ОДВОД НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАСЕЛБА РЕЧАНИ – КРАК 2 И КРАК 4**

Во точка со реден број 15, за активност „Одвод на урбани отпадни води во населба Речани – крак 2 и крак 4“, аплициран и одобрен проект чија реализација се предвидува во 2024 година, со планирани средства од Буџетот на Општина Велес, во висина од 857.935,00 денари и доделени средства во висина од 5.000.000,00 денари од Министерството за животна средина и просторно планирање согласно склучен Договор за доделување на средства.

**16. ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНА УЛИЦА – ДЕКАДА НА РОМИ**

Во точка со реден број 16, за активност „Изградба на локална улица – Декада на Роми“, се планирани средства од буџетот на Општина Велес, во износ од 859.153,00 денари од кои 125.392,00 денари со кофинансирање на општината и 733.791,00 денари со доделени средства од Министерството за транспорт и врски согласно Договорот за доделување на средства со бр.08-1455/4 од 17.07.2023 година. Од планираните средства во оваа точка, не се изврши исплата во 2023 година, а реализацијата на проектот продолжува во 2024 година.

**Начин на реализирање**

Основна цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој за 2023 година е континуиран развој на апсорпционите капацитети на општината за искористување на европски и други меѓународни, како и домашни фондови, зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти и промоција на општината. Одделението за евроинтеграции и локален економски развој во тековната 2023 година имплементираше одобрени проекти на општината, кои се финансирани од надворешни извори (домашни и/или меѓународни програми, домашни и/или странски институции или фондови) како и на подготвување на нови проектни апликации. Дел од овие апликации веќе се одобрени за реализација во 2024 година.

**Вкупна реализација на програмата**

Реализацијата на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој за 2023 година, од планираните средства кои Општина Велес ги обезбеди од сопствени извори на приходи изнесува 37.690.298,00 денари, од кои нереализиран износ од средставате е 3.279.288,00 денари што претставува 91,3 % реализација.

Оттука, треба да се има во предвид дека некои од проектите кои се финансирани и од надворешни извори (домашни и/или меѓународни програми, домашни и/или странски институции или фондови) продолжуваат со реализација во фискална 2024 година.

Прилог: Табела на реализација

| **Ред. бр.** | **Назив** | **Планирани (после реб)** | **Салдо -** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Проект Паметни решенија за Велес ЕУ ИПА Програма ЕУ за општините (Уредување на централно градско подрачје) | 2.500.000 | 0 | Проект со својата реализација започна во 2022 година, а се планира да заврши до 14.01.2025 година. |
| 2. | Проект „Креативни можности во туризмот - CounT. ИПА ИНТЕРРЕГ Програма за прекугранична соработка со Република Грција | 0 | 0 | Завршен проект |
| 3. | Проект ИНО ЕКОСИСТЕМ - ИПА Програма за прекугранична соработка со Грција (Спроведуван од ЦРВПР). Реконструкција и опремување на објект народна кујна, реконструкција на кров и опремување на иновациски центар за млади | 1.521.282 | 0 | Од првичните 1.604.778,00 исплатени се 1.521.282,00. Остатокот од 83.496,00 се префрлени во друга точка. |
| 4. | Мерки за енергетска ефикасност - Субвенционирање на сончеви колектори | 493.318 | 0 | Од првичните 500.000,00 исплатени се 493.318,00. Остатокот од 6.682,00 се префрлени во друга точка. |
| 5. | Поддршка на Центарот за развој на ВПР | 1.215.044 | 0 | Износ е исплатен во целост. |
| 6. | Европска недела на мобилност | 37.700 | 0 | Од првичните 60.000 исплатени се 37.700,00. Остатокот од 22.300,00 се префрлени во друга точка. |
| 7. | Проект финансиран преку програмата РомАктед 2, | 0 | 0 | Вкупната вредност на проектот е исплатен од страна на донаторот во висина од 18.746 евра. Првичните 10.000,00 се префрлени во друга точка. |
| 8. | Биро за регионален развој (Изградба на улица „1“ и крак на улица „1“ во село Сојаклари) | 807.109 | 0 | Првичниот износ од 1.226.239,29 се замени со 1.051.239,00 од кои исплатение се 807.109,00. Остатокот од 244.130,00 се префрли во друга точка. |
| 9. | Биро за регионален развој (Партерно уредување и поставување на урбана опрема на детско игралиште во село Сојаклари) | 605.975 | 0 | Првичниот износ од 630.975,00 се замени со 605.975,00 од кои исплатени се во целос. Остатокот од 25.000,00 се префрли во друга точка. |
| 10. | Биро за регионален развој (Реконструкција на спортско игралиште - населба Тунел) | 2.362.200 | 2.362.200 | Од планираните средства во оваа точка, не се изврши исплата во 2023 година, а реализацијата на проектот продолжува во 2024 година. |
| 11. | Поддршка на ЛАГ | 8.000 | 0 | Првичниот износ од 20.000,00 се замени со 8.000,00. Остатокот од 12.000,00 се префрли во друга точка. |
| 12. | Подобрување на инфраструктурата поврзана со туризмот и спортот, преку реконструкција на паркови и изградба на спортски центри во општините Велес,Свети Николе и Росоман | 7.259.398 | 0 | Првичниот износ од 7.653.597,00 се замени со 7.259.398,00 (2.770.301,00 – Младински парк) (4.489.097,6-Дворови парк) од кои исплатени се во целост. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Остатокот од 394.208,00 се префрли во друга точка. |
| 13. | Набавка на противпожарно возило | 1.809.336 | 0 | Износот е исплатен во целост |
| 14. | Предфинасирање/финасиско учество на инвестиција за реализација на одобрени проекти финансирани од надворешни извори | 18.153.847 | 0 | Средствата од оваа точка се со намена за предфинасирање/финансиско учество на инвестиција за реализација на одобрените проекти на општината, кои се финансирани од надворешни извори (домашни и/или меѓународни програми, домашни и/или странски институции или фондови). Се врши исплата на дел од средствата за реализација на инвестицијата од страна на Општина Велес, за потоа исплатениот износ да се врати во Буџетот на Општина Велес.<br>За успешна реализација на проектот, Општина Велес привремено обезбеди и трансферира средства на донаторската сметка на проектот „Креативни можности во туризмот КАУНТ“. |
| 15. | Одвод на урбани отпадни води во населба Речани – крак 2 и крак 4 | 57.935,00 | 57.935,00 | Не се реализира во 2023 година и срдствата се префрлаат за 2024 |
| 16. | Изградба на локална улица – Декада на Роми | 859.153,00 | 859.153,00 | Не се реализира во 2023 година и срдствата се префрлаат за 2024 |
| | **ВКУПНО** | 37.690.298 | 3.279.288 | 91,3% |

**И З В Е Ш Т А Ј**

**ЗА ФИНАНСИСКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2023 ГОДИНА**

| Трошковно место | Планирано | Подпрограма | Реализирано | Разлика | Реализација на програма |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Анализа на квалитет на водите | 50.184 | Р1 | 54.162 | 2.160 | 107,9 % |
| 2. Проектна документација за животна средина | 115.000 | Р1 | 99.611 | 15.389 | 86,6 % |
| 3. Субвенционирање на физички лица за купен велосипед и купен инвертор | 548.769 | Р1 | 548.768 | 1 | 99,99% |
| 4. Набавка на материјал за хортикултурно уредување и пошумување | 1.620.000 | Р1 | 1.498.550 | 121.450 | 92,5% |
| 5.Оперативен план за заштита и спасување од штетно дејство на водите | 499.843 | Р1 | 499.843 | / | 100% |
| | | | | | |
| 1.Набавка на опрема за одржување на јавна чистота и управување со отпад | 3.599.944 | РА | 3.599.944 | / | 100% |
| 2.Подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на запуштени зелени површини – согласно Оперативна програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини | 1.800.000 | РА | 1.800.000 | / | 100 % |
| 3.Набавка и поставување на садови за хортикултурно уредување | 397.660 | РА | 397.660 | / | 100% |
| Вкупно: | 8.631.400 | | 8.498.538 | 132.862 | 98,5% |

**Образложение:**

Активностите предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина за 2023 година од подпрограмата Р1 се извршуваше преку спроведување на следните активности:

Во делот Анализи на квалитет на животната средина потрошените средства се за извршени 25 анализи на квалитет на вода за капење во летна сезона од страна на ДПТУ ФУД ЛАБ ДОО Скопје.

Во делот на Проектна документација за животна средина изготвени се 10 Елаборати за заштита на животната средина за инфраструктурни објекти чиј инвеститор е општината.

Во реализација на мерки од План за управување со квалитет на амбиентен воздух извршено е субвенционирање на 20 физички лица за купување на велосипед и 48 физички лица за купување на сончеви термални колектори.

Во делот за Набавка на материјал за хортикултурно уредување извршена е набавка на цветен расад и на садници (листопадни и зимзелени) за хортикултурно уредување на зелените површини.

Во делот Оперативен план за заштита и спасување од штетно дејство на водите извршено е отстранување на наноси од река Вардар со транспорт до одредена локација.

Активностите предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина за 2023 година од подпрограмата РА се извршуваше преку спроведување на следните активности:

Во ставката Набавка на опрема за управување со отпад – дел од Програма за управување со отпадот извршена е набавка на 2 машини за метење и одржување на хигиена на јавен простор.

Во ставката Подигнување на нови зелени површини и уредување на запуштени зелени површини извршени се активности согласно усвоената Програма за 2023 год. при што реализирани се:

- Реконструкција на дел од ул.Димитар Влахов – потег од Градски пазар до кружен тек КЈУБИ;
- Подигање на зелена површина на ул. Петре Прличко – во склоп на комплекс Вила Зора;
- Реконструкција на дел од ул.Благој Ѓорев – потег од Трговски центар до Црква Св.Кирил и Методиј;

извршено е плаќање на фактури за подигнување на нови зелени површини од минатата 2022 год

Во ставката Набавка и поставување на садови за хортикултурно уредување извршена е набавка на полиетиленски садови – жардињери.

За реализацијата на проектите во 2023 година планирани се вкупно 8.631.400 денари, а потрошени се 8.498.538 денари.

Процентот на реализација на горенаведената Програма изнесува 98,5 %.

**Извештај за реализација на годишна програма за Јавна чистота Ј4 за 2023 година**

| Трошковно место | Планиран износ | Фин. Програма | Реализиран износ | Разлика | Реализација на програма |
|---|---|---|---|---|---|
| Метење на јавни површини | 6.303.901 | Ј4 | 6.303.901 | 0 | 100% |
| Миење на јавни површини | 4.421.778 | Ј4 | 4.421.778 | 0 | 100% |
| Вонредно одржување | 1.400.000 | Ј4 | 1.400.000 | 0 | 100% |
| Одржување на санитарни јазли | 1.000.000 | Ј4 | 1.000.000 | 0 | 100% |
| Одрржување на рекреативен центар ез.Младост | 500.000 | Ј4 | 500.000 | 0 | 100% |
| Вкупно | 13.625.679 | | 13.625.679 | 0 | 100% |

Образложение:

Активностите предвидени во Програмата за Јавна чистота на Општина Велес, во текот на 2023 година беа насочени кон обезбедување на континуирано одржување на комуналната хигиена во градот, околните населени места опфатени со годишната програма за 2023 год, рекреативните објекти на езеро Младост и долниот дел од рекреативниот дел на река Бабуна, како и на отстранување на габаритен отпад од јавни површини и расчистување на диви депонии..

Вредноста на Програмата во висина од 13.625.679 денари за 2023 година е во целост исполнета.

**Извештај за реализација на Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2023 година**

| Трошковно место | Планиран износ | Фин. Програма | Реализиран износ | Разлика | Реализација на програма |
|---|---|---|---|---|---|
| Редовно одржување на зелени површини | 13.924.062 | Ј4 | 13.924.062 | 0 | 100% |
| Постапување со оштетени дрвја | 1.500.000 | Ј4 | 1.500.000 | 0 | 100% |
| Одржување на системи за наводнување | 500.000 | Ј4 | 500.000 | 0 | 100% |
| Одржување на зелени површини по потреба | 1.679.258 | Ј4 | 1.679.258 | 0 | 100% |
| Вкупно | 17.603.320 | | 17.603.320 | 0 | 100% |

**Образложение:**

Во Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2023 година беа предвидени средства во износ од 17.603.320,00 денари.

Активностите предвидени во Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес, во текот на 2023 година беа насочени кон континуирано одржување на парковски зелени површини, одржување на рекреативен центар Езеро Младост, одржување на останато зеленило во градот, собирање на отпадоци од зелени површини, одржување на зеленило во селата и во населба Превалец, одржување на висечки жардиниери, одржување на дрвореди, постапување со оштетени дрвја, одржување на системи за наводнување, набавка на средства за заштита и одржување на зелени површини по потреба.

Вредноста на Програмата во висина од 17.603.320,00 денари за 2023 година во целост е реализирана.

## НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ

Извештај за Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2023 година

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2023 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ. Вкупно планираните средства од Буџетот на Општина Велес за 2023 година, заклучно со 31 декември изнесуваа 12.494.161,00 денари, потрошени се 11.690.238,00 и истата преку прегледот на бројките е заокружена со степен на реализација од 93,5%.

Годишната програма беше креирана со опфат на шест поглавја: Манифестации, Поддршка на проекти, Инвестиции, Поддршка на локални установи, Комуникација со јавноста и меѓународна соработка и Други расходи.

Најголемиот дел од Програмата е претставен во поглавјето Манифестации. Тука се поместени културните збиднувања од меѓународен, републички и локален карактер што ги реализира општинската администрација во партнерство со локалните установи од областа на културата, НУЦК театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“, Организациските одбори на дел од културните манифестации, граѓанските организации преку делегирана надлежност, бројни културни работници и поединци. Преку ова поглавје, содржински се интегрирани еднодневните настани и бројни комплексни манифестации кои во себе обединуваат повеќе уметности што се реализираат во времетраење од неколку дена. Такви се меѓународните фестивали, изложбите, промоциите, така што бројката на културни настани е далеку поголема од она што е претставено преку табеларниот приказ во Програмата. И оваа година по пат на делегирана надлежност на граѓански организации се реализираа два фестивала

од областа на театарската и музичката уметност- Фестивалот на комедија „5ре“ и „Фестивал на џез, ворлд и современа музика“. Со склучување договори и анекс на договори за делегирана надлежност од областа на културата на Општина Велес се реализираа и Рациновите средби, Меѓународната скулпторска колонија и Детските Рацинови средби.

Манифестацијата Интернационалниот фолклорен фестивал повторно беше една од најпосетените, а ја реализираше Организациски одбор.

Општина Велес преку манифестацијата Фестивал на пита и вино понуди бројни содржини и богата уметничка програма изведена од македонски уметници, а во пресрет на новогодишните празници се организираше неколкудневен Новогодишен хепенинг на отворено.

Во продолжение, листата со дел од најзначајните културни манифестации што Општина Велес успеа да ги организира во календарската 2023 година:

Концерт „Нова ера“- Никола Мицевски
Фестивал на комедија „5ре“
Мотособир
24 Мај, Ден на сесловенските просветители
Меѓународна културна манифестација „60. Рацинови средби”
„Живот со музика“-омаж за Данка Фирфова
18. Интернационален фолклорен фестивал
Концерт „Македонија, во срце те носиме“
20. Меѓународен стрип салон „Велес 2023“ и 5- тата Стрип колонија
Меѓународна Скулпторска колонија
Фестивал на џез, ворлд и современа музика
Фестивал на велешка пита и вино
Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“
9.Ноември-Ден на Општина Велес
Изложба „Портретно сликарство“на Ѓорги Зографски
„56. Детски Рацинови средби”
Новогодишен хепенинг

Преку Годишната програма за култура и меѓународна соработка за 2023 се обележаа бројни годишнини на значајни настани и личности, се оддаваше почит на вечните почивалишта на великаните и се положуваше цвеќе на паметниците на заслужните историски личности. Трошоците што произлегуваа од реализирањето на Програмата за обележување годишнини на значајни настани и личности за 2023 година се покриваа од поглавјето Манифестации, трошковно место: Одбележување на значајни настани и личности.

Во чест на 9 Ноември, Денот на ослободување на Општина Велес, се организираше традиционалното врачување на деветоноемвриските награди и признанија, наградата за животно дело „Гемиџии“ и наградата „Проф. д-р Ѓорги Шоптрајанов“ за најстудентот за 2023 година.

Годината се заокружи со свеченост на која се врачија наградите на најуспешните поединци потврдени во својата професионалност и најхуманистот на годината и организирање на Базар И неколкудневен Новогодишен хепенинг.

Бидејќи основната цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка за 2023 година беше обезбедување на активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата, сочувување и афирмирање на културното наследство и идентитет на

општината и презентирање и афирмирање на творците и интерпретаторите на културата, Општина Велес во реализирањето на програмата вклучи голем број граѓани, здруженија на граѓани и уметници од различни профили.

Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2023 година

Основни цели на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2023 година се:

Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;

Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;

Планирање на развојот на образованието;

Подобрување на условите за спроведување на образовниот процес;

Создавање услови за развој на високото образование.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2023 година беше донесена во транспарентна постапка како и во изминатите години, во две фази, како нацрт и предлог документ. Вкупно планираните средства за 2023 година изнесуваа 2.447.000,00 денари. Реализирани се 2.229.577,00 денари или 93.7%.

Во точка 1 Активности, реализирани се 1.640.952,00 денари за најдобар наставник предметна настава, најдобар наставник во средно образование, најдобар ученик во основно образование и најдобар ученик во средно образование, како и за еднократна парична помош на првачиња од сите основни општински училишта.

Во точка 3 Инвестиции, реализирани се 616.069, за активности при поставување на подлоги на терени на игралишта кај СОУ „Гимназијата Кочо Рацин“.

Во точка 4 Тековни работи поддржано е учество на ученик на меѓународен натпревар.

Следејќи ги основните цели на програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2023 година - обезбедување активен однос кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието, процентот на потрошени средства не ја отсликува реалната слика на вложените средства во оваа област затоа што активностите во областа на образованието се многу поголеми од планираните. Ова се должи на реализирани проекти финансиски поддржани од Владата на Република Северна Македонија и бројни домашни и меѓународни асоцијации и фондации.

Извештај за Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2023 година

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2023 година, димензионирана на 2.900.000,00 денари. Програмата донесена е во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ. Во текот на календарската година претрпе две измени – во мај и во ноември но измените не го променија износот од 2.900.000,00. Средствата во програмата се распределени на:Социјална поддршка на заедницата, Социјални услуги, Општина по мерка на детето, Соработка со институции и НВО и Активности за Родова еднаквост.Програмата за социјална заштита опфаќа ранливи категории со цел да им се подобри квалитетот на живот и да се овозможи социјална сигурност и инклузивност.

Во делот на Социјална поддршка на заедницата реализација има по следните ставки: Финансиска помош на членови на социјално загрозени семејства реализирана е во висина од 1.086.721,00 денари. Барања за парична помош ги разгледува Комисија за

доделување средства од Буџетот на Општина Велес, по Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита. Комисијата има одржано осум седници на кои се разгледани вкупно 185 барања од физички лица и водејќи се од Правилникот за право на користење, начинот и висината на доделување на еднократна парична помош („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.01/23)), од кои комисијата за:

179 барања има констатирано дека се доставени уредно на образец – Барање за остварување на право на еднократна парична помош, со уредна документација од која може да се констатира потребата од помош, ги исполнуваат условите и се одобрени финансиски средства согласно правилникот.

6 барања не ги исполнуваат условите согласно Правилникот за утврдување начин за доделување средства од буџетот на Општина Велес предвидени во програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита.(известени со допис)

Од вкупно 179 барања кои го остваруваат правото на парична помош 112 барања се од жени, 67 барања се од мажи. Правото за еднократна парична помош барателите го остваруваат по основ на:

31 барања се од корисници на ГМП

57 барања за лекување

55 барања за попреченост во физичкиот или менталниот развој

11 барања самохран родител

25 барање за набавка на соодветна медикаментозна терапија

Во 2023 година 166 баратели го искористиле правото за доделување на парична помош за новороденче, од кои 94 за машки новороденчиња и 72 за женски новороденчиња а реализирани се 549.612,00, денари.

Поддршка на лица жртви на семејно насилство реализирана е со 50.000,00 денари. Финансиски се поддржани 8 лица жртви на семејно насилство од службена евиденција на ЈУМ Центар за социјална работа Велес. Оваа ставка може да се реализира во соработка со Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа – Велес, од причина што како институција ги имаат овие податоци, со доставен список на лица на кои им е потребна оваа поддршка.

И во 2023 година од оваа програма дадена е поддршка на деца без родители и родителска грижа. На 16 деца без родители и родителска грижа им е доделени финансиска помош на трансакциска сметка на старателите, по доставен список од страна на Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа –Велес. Реализирани се 111.109,00 денари.

За новогодишни подароци за деца без родители и родителска грижа, реализирани се 49.966,00 денари

Ставката „Поддршка на талентирани деца од социјално загрозени семејства“ е реализирана со 55.556,00 денари.

Во 2023 година започна со реализација за „Партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка.(Согласно Законот за заштита на децата)“ реализирани се 11.552,00. Од месец август ова право го искористува еден самохран родител на две деца згрижени во ОЈУ ДГ „Димче Мирчев“.

Општина Велес како одговорен субјект во целост ги спроведува законските одредби и постапува согласно роковите и насоките за реализација на сите произлезени обврски за воспоставување еднакви можности и еднаков третман на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење во Општина Велес. Во континуитет ги следи сите актуелни состојби, законски измени и дополнувања, иницира акции и ги имплементира работните

обврски за родова рамноправност со сопствени средства од буџетот на општината. Поддржува активности и ја инкорпорира родовата рамноправност преку реализација на активности за еднакви можности. Организација на жени – Велес, во рамките на кампањата 16 дена активизам – борба против семејно насилство реализирани се повеќе активности, со финансиска поддршка во висина од 100.000,00 денари.

Приоритет и во 2023 година е одржување на адаптираното возило за инвалидни лица на Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет МОБИЛНОСТ – Велес, во возна состојба. Адаптираното возило е донација од Дрекслмајер, на ЗГ „Мобилност" а истото го користат сите здруженија на инвалидни лица во локалната заедница издвоени се 50.000,00 денари.

За имплементација на активности со ОО на Црвен крст Велес, реализирани се 50.000,00 денари. Согласно, склучен Меморандуми за соработка помеѓу ОО Црвен крст Велес и Општина Велес (архивски број 03-106/1 од 01.11.2012 година).

Предвидените финансиски средства за ставката „Социјални услуги" се во целост реализирани за поддршка на испорака на услуги и тоа: 50.000,00 денари за услугата „Помош и нега на стари лица во домашни услови", 50.000,00 денари за услугата „Лична асистенција на лица со ограничена мобилност" и 100.000,00 денари за услугата „Живеење со поддршка (мал групен дом, 10-лица)"

Врз основа на склучен договор помеѓу Општина Велес, Агенција за вработување на РСМ и УНДП се имплементираат проектни активности (образовен асистент) преку Програмата „Општинско - корисна работа" која е дел од поголемиот проект за оддржливи вработувања и се спроведува во соработка со средните општински училишта врз основа на потпишан Меморандум за соработка. Ангажирани се 5 невработени лица како образовни асистенти на ученици со посебни образовни потреби кои даваат поддршка на ученици со посебни образовни потреби во текот на наставниот процес, за полесно и подобро совладување на наставната програма. Средствата за образовните асистенти за учебната 2023/24 година се во висина од 618.750,00 денари, од кои 495.000,00 денари обезбедени од УНДП и Општина Велес учествува со кофинансирање во висина од 123.750,00 денари.

Во 2023 година процентот на реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита изнесува 82,88 %. или 2.403.716,00 денари.

## Извештај за Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2023 година

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита за 2023 година, е димензионирана на 4.000.000,00 денари, донесена е во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ. Во текот на календарската година програмата претрпе две измени во мај и во ноември, по втората измена програмата изнесуваше 3.621.560,00 денари.

Средствата во програмата се распределени на: Превентивна здравствена заштита; Општи мерки за заштита на населението од заразни болести; Имплементација на активности со институции, НВО и Бездомни животни.

Во делот Превентивна здравствена заштита, реализирани се 49.500,00 денари за здравствени прегледи на вработени во ТППЕ.

Како општи мерки за заштита на населението од заразни болести согласно законските прописи преземени се следните мерки: Дератизација, дезинсекција и дезинфекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината, Ларвицидно третирање и Третирање против возрасна форма на комарци.

Дератизација, дезинсекција и дезинфекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината се спроведува два пати во годината, (пролетна и есенска) и комплетно е реализирана и тоа: на 17 мај 2023 догодина, извршена пролетна дератизација; од 18.09.2023 до 25.09.2023 година, извршена есенска дератизација, реализирани се 97.662,00 денари.

Со третирањето опфатена е површина од 150.000 м2, односно сите јавни површини во градот како и двата брега на реката Вардар, од Башино село до компанијата Агриа. Активностите ги реализираше ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес.

Превентивна дезинсекција е комплетно реализирана и тоа: на 04 мај 2023 година, извршено е прво ларвицидно третирање; на 20 јуни 2023 година, прва аеросолна дезинсекција; на 15 јули 2023 година, втора аеросолна дезинсекција; на 14 август 2023 година, трета аеросолна дезинсекција; на 11 септември 2023 година, второ ларвицидно третирање.

За ларвицидно третирање исплатени се 56.000,00 денари. Третирањето го извршуваше ЈЗУ - Центар за Јавно здравје – Скопје. Со третманот опфатени се 7 хектари површина. Активностите беа спроведувани на Езеро Младост, с.Отовица, месност Јарбош, по течението на Вардар од Градскиот парк до делот на УЗ „Димче Мирчев“ па сé до реонот на „Долни Дуќани“. Третманот се изврши со препаратот „Биопрен“ кој е безбеден за граѓаните и се наоѓа на листата на биоцидни производи на Министерството за здравство.

За третирање против возрасна на комарци исплатени се 1.996.560,00 денари. Со третирањето опфатена е површина од 2000 хектари. Третирани се: езеро Младост, с.Отовица, месност Јарбош, по течението на Вардар од север од с.Башино Село низ Велес, се до вливот на реката Бабуна и с.Горно Караслари. На запад границата започнува од населбата Превалец, преку населбата Керамидна кон фабриката „Киро Ќучук“ и с.Горно Оризари.

Со третирањето опфатено е целото градско и приградско подрачје, како и целото течение на реката Вардар на овој потег.

По спроведена постапка за извршување на овие активностите избран е операторот Друштво за авио услуги ДООЕЛ „Бониер“, а надзорот го изврши ЈЗУ Центар за Јавно здравје – Велес.Третманот се изврши со средство KULFAK 50 EC, биоциден производ на производителот KULSAN ILAC, од Турција и содржи 2.0% активна материја deltametrin, кој спаѓа во групата на пиретроиди. Истото е одобрено од Министерството за здравство на Република Северна Македонија, број на решение 19-359/2 од 30.04.2018 година.

Извршен инспекциски надзор од страна на Државен санитерен и здравствен инспекторат, со Записник бр.09-99 од 28.11.2023 година е констатирано дека активностите општи мерки на населението од заразни болести се спроведени согласно законските прописи.

За активности на Совет за јавно здравје исплатени се 20.334,00 денари. Советот за јавно здравје за унапредување на здравјето на граѓаните во локалната заедница спроведе повеќе активностите кои се состојат во организирање на предавања, едукативни работилници, поддршка на кампањи и др. Оваа година се реализира трибина на тема „Менталното здравје ги засега сите“, исто така се поддржа кампањата за подигнување на свеста кај жените во борба против ракот на дојка и на истакнување на важноста за превенција и рано дијагностицирање. Одржани се трибини на тема „Раната детекција спсува животи“.

За климатска рехабилитација потрошени се 100.000,00 денари, активноста се реализира во соработка со Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености и Друштво на родители за грижа на здраво поколение. Со проектот се опфатени деца од ЗЛЦПДП и од ДРГЗП кои сами или со своите родители /придружници во

периодот мај-септември, ја користат услугата климатска рехабилитација со времетраење од неколку дена.

За контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес, согласно обврските што произлегуваат од член 28, став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр.149/14, 149/15 и 53/16), општината склучи договор со Јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња СТАЦИОНАР-ЛАНА Струмица (бр.05-1534/8 од 20.04.2023 година).

Во 2023 година, реализирани се 567.300,00 денари од предвидени 700.000,00 денари.

Заловените кучиња клинички се прегледани, направен тест за социјализација, здравите бездомни кучиња стерилизирани односно извршена е овариохистеректомија и орхиектомија, извршено лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоаза, вакцинирани се против беснило, обележани се со микрочип и ушна марка. По целокупниот третман кучињата се вратени на местото на заловувањето согласно законските прописи.

Реализирани финансиски средства од програмата за здравствена заштита се 2.859.356,00 денари или 78.95 %.

## Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2023 година

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2023 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ.

Во текот на календарската година Програмата претрпе две измени и согласно втората измена во Програмата беа предвидени финансиски средства во износ од 7.850.000,00 денари.

**Програмата од областа на спортот е составена од четири дела:**
I Спортски манифестации,
II Поддршка на спортски сојузи,
III Поддршка на спортот во градот и
IV Инвестиции, со вкупно предвидени 7.850.000,00 денари.

**Образложение за делот I, Спортски манифестации:**

Во потточката „Поддршка на спортски турнири и натпревари”, Општина Велес издвои финансиска поддршка во износ од 750.000,00 денари, финансиски средства со кои беа поддржани поединци и спортски здруженија и клубови кои организираа спортски активности во спортовите фудбал, тенис, кошарка, мотоциклизам, ендуро, велосипедизам, борење, спортски риболов и пеливанство.

Од оваа ставка се поддржуваат спортски турнири и натпревари во организација и реализација на Здруженија на граѓани и/или спортски здруженија и клубови, регистритани согласно Законот за здруженија и фондации кои поднесуваат Барања до Општина Велес, за кои општината од оваа општа ставка, согласно Правилникот за утврдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес кои се определени во годишните Програми, издвојува финансиска поддршка соодветно и согласно нивните Барања.

Истите се реализираа на следниот начин:

| бр | Спортски клуб / Здружение | Активност / Настан | Финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Железничко спортско друштво Боречки клуб ЖБК-Борец, Велес | Организирање на меѓународен меморијален турнир во борење за јуниори и пионери „Коцев Љубомир – Листон 2023” | 25.000,00 |
| 2 | Здружение на граѓани за еколошко одржување на водите „Иванковци”, с. Иванковци, Велес | Организирање на фудбалски турнир во рамки на одбележување на 5 јуни, Света Троица, с. Иванковци, Велес | 25.000,00 |
| 3 | Спортско здружение „Спортски игри”, Велес | Организација на Велешки Спортски игри 2023 | 300.000,00 |
| 4 | Здружение на рекреативни риболовци и спортски клуб „Металург”, Велес | Организација на Меѓународен куп во јадица на пливка „Цветници” 2023 | 30.000,00 |
| 5 | Младински велосипедски клуб „Велес”, Велес | Организација на меѓународна велосипедска трка „Трофеј" 2023 | 30.000,00 |
| 6 | Тениски клуб „Борец“, Велес | Организација на Отворено првенство на Македонија во тенис „Велес опен 2023” | 25.000,00 |
| 7 | Здружение за еколошко одржување на водите „Башино село”, Башино село, Велес | Организирање на турнир во мал фудбал „Илинден” 2023 во Башино село | 30.000,00 |
| 8 | Здружение Фудбалски клуб „Превалец” | Организација на турнир во голем фудбал за млади категории по повод Голема Богородица, Превалец | 30.000,00 |
| 9 | Здружение на спортски риболовци „Бабуна”, Велес | Организација на 43. Куп во лов на јадица со пливка „Бабуна 2023” | 10.000,00 |
| 10 | ЗГ Кошаркарски клуб „Борец - ветерани”, Велес | Организација на 14. меморијален кошаркарски турнир | 25.000,00 |
| 11 | Здружение на Спортско рекреативен риболовен клуб „Кркушка”, Велес | Организација на 11. меѓународен куп натпревар во риболов на пливка | 10.000,00 |
| 12 | ЗГ Фудбалски клуб „Горски”, Велес | Организација на ревијален фудбалски натпревар по повод 101-годишнината од постоењето на клубот | 10.000,00 |
| 13 | Здружение на инвалидски пензионери на Општина Велес | Организација на спортски игри | 10.000,00 |
| 14 | Пеливански клуб „Пеливан”, Велес | Реализација на пеливански турнир во населено место Бузалково, Велес 2023 | 60.000,00 |

За организирање на традиционалната спортска манифестација Вардарска регата „Гемиџии" 2023 година, Општина Велес издвои финансиски средства во висина од 150.000,00 денари. Средствата беа трансферирани на сметката на Здружението на граѓани Извиднички одред „Димитар Влахов" од Велес кои беа организатори на Вардарската регата и оваа година.

Десеттиот меѓународен Велешки пливачки маратон, оваа година се одржа во водите на езеро „Младост", а организатор беше Здружението за спорт и рекреација „Клуб 28" од Велес. Техничка поддршка за настанот обезбедија Општина Велес и ОО на Црвен крст од Велес. За овој настан Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во износ од 300.000,00 денари, кои беа трансферирани на сметката на Здружението.

Во организација на Здружението на граѓани Атлетско рекреативен клуб „Борец" од Велес, а во рамки на активностите кои беа дел од културната манифестација „60. Рацинови средби", беше организирана Атлетска трка, насловена „Трчаме за Рацин", за што Општина Велес издвои финансиска поддршка во износ од 200.000,00 денари.

На крајот на годината, во организација на Сојузот на спортови на Велес, се одржа традиционалната спортска манифестација „Избор на најдобар спортист и спортска екипа за 2023 година", за што Општина Велес издвои финансиска поддршка во износ од 50.000,00 денари.

Првата трка од државниот шампионат во Ендуро за 2023 година и оваа година се одржа во Велес, во организација на Мото клубот „Мото Велес", за што Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 50.000,00 денари.

За прв пат оваа година, во месец септември, во организација на Здружението за спорт и рекреација „Клуб 28" од Велес, а со Одлука на Европската пливачка федерација (ЛЕН) на отворени води, се одржа петтата трка од Европскиот куп во далечинско пливање. Со донесување на Одлука на Пливачката Федерација на Македонија е одлучено град-домаќин на истата да биде Велес, односно езерото „Младост", поради неговата местоположба, како и условите кои самото езеро, но и околниот простор ги нудат, а се соодветни и ги задоволуваат стандардите за организирање на меѓународен настан од ваков тип. Општина Велес обезбеди финансиска поддршка за овој меѓународен настан во висина од 150.000,00 денари кои беа трансферирани на сметката на Здружението.

Образложение за делот II, Поддршка на спортски сојузи:

Општина Велес континуирано обезбедува поддршка и за активностите на спортските сојузи.

Во текот на 2023 година, финансиска поддршка во висина од 50.000,00 денари беше обезбедена за поддршка на активностите на Сојузот на училишен спорт, додека пак 300.000,00 денари беа обезбедени за поддршка на активностите на Општинскиот фудбалски сојуз. Во ставката „Организирање и учество на општински, регионални и државни првенства на инвалидизирани лица", Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 60.000,00 денари, кои во целост беа реализирани од страна на Сојузот за спорт и рекреација на инвалиди од Велес.

Образложение за делот III, Поддршка на спортот во градот:

Во ставката „Поддршка на квалитетен спорт - надомест за користење на спортски објекти", Општина Велес издвои финансиска поддршка за спортските клубови во вкупен износ од 1.700.000,00 денари. Додека пак во ставката „Поддршка на младински екипи - надомест за користење на спортски објекти", беа издвоени финансиски средства во износ од 350.000,00 денари. Истите се во целост реализирани.

Од овој дел на Програмата, финансиски средства во износ од 300.000,00 денари се издвоени за поддршка на Градскиот одбојкарски клуб „Борец".

Финансиски средства во износ од 150.000,00 денари беа предвидени и издвоени за поддршка на активностите на Кошаркарскиот клуб „Борец - Баскет", а исто по толку и за спортските клубови МРК „Борец 1950" и ФК „Борец 1919".

За поддршка на активностите на спортскиот клуб ЖФК „Борец", Општина Велес обезбеди финасиска поддршка во износ од 300.000,00 денари.

Во ставката за „Поддршка на спортисти за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри", Општина Велес издвои финансиски средства во висина од 250.000,00 денари, од кои беа реализирани средства во износ од 204.570,00 денари. Со овие средства беа поддржани и помогнати спортисти-поединци и спортски клубови и здруженија за учество на меѓународни првенства во кајак, кајак на диви води, атлетика, карате, риболов и кик бокс, одржани во Унгарија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Кипар, Турција, Германија и Шпанија. За исплата на персонален данок и други трошоци од оваа ставка се исплатени 67.000,00 денари.

Во ставката „Поддршка и тековно одржување на спортска сала 'Гемиџии'", Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 300.000,00 денари кои беа трансферирани на сметката на ЈП „Парк-спорт и паркинзи", Велес.

Образложение за делот IV, Инвестиции:

Во овој дел вкупно беа предвидени финансиски средства во висина од 2.140.000,00 денари, од кои беа реализирани 1.131.157,00 денари за набавка, транспорт и монтажа на гол со специјална мрежа., како и за набавка, транспорт и монтажа на вештачка трева за фудбалско игралиште.

Вкупната реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2023 година изнесува 6.732.727,00 или 86%.

**Програма за активностите на Општина Велес**
**за поддршка на граѓанскиот сектор во 2023 година**

Општина Велес во Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2023 година предвиде финансиски средства во вкупен износ од 1.415.000,00 денари. Програмата беше донесена во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ.

Во текот на календарската година Програмата не претрпе никакви измени.

Образложение за делот I, Активности:

Делот „Активности" е составен од две потточки: „Учество во реализација на проекти со граѓански организации и поддршка на програмски активности" и „Партнерско учество на Општина Велес во реализација Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD 2)".

Во потточката „Учество во реализација на проекти со граѓански организации и поддршка на програмски активности" беа предвидени вкупно 500.000,00 денари.

Од оваа ставка се поддржуваат проекти и проектни активности во организација и реализација на Здруженија на граѓани, регистритани согласно Законот за здруженија и фондации кои поднесуваат Барања до Општина Велес, за кои општината од оваа општа ставка, согласно Правилникот за утврдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес кои се

определени во годишните Програми, издвојува финансиска поддршка соодветно и согласно нивните Барања.

Истите се реализираа на следниот начин:

| бр | ЗГ / Организација / Фондација | Активност / Настан | Финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Балетско студио „Анабела", Велес | Организација на Годишен концерт 2023 | 30.000,00 |
| 2 | Балетско студио „Анабела", Велес | Учество на меѓународен натпревар во модерни танци „Интер денс фест 2023", Сараево, Босна и Херцеговина | 30.000,00 |
| 3 | Здружение за дејности од културата и уметноста „Арт Окарина", Велес | Учество на меѓународен натпревар во хорско пеење во Тореавјеха, Шпанија | 80.000,00 |
| 4 | ЗГ „Велес бајкинг", Велес | Организација на 9. велосипедски outdoor festival „АЗОТ мтб предизвик 2023" | 20.000,00 |
| 5 | Извиднички одред „Димитар Влахов", Велес | Одбележување на 70 години постоење ИО „Димитар Влахов" | 15.000,00 |
| 6 | Невладина организација „Пси трабол", Велес | Организација на музички настан на река Бабуна, Велес | 30.000,00 |
| 7 | Стрип центар на Македонија - Велес | Организација на 20. Меѓународен салон на стрип „Велес 2023" и 5. Меѓународна Стрип колонија „Велес 2023" | 80.000,00 |
| 8 | Здружение на граѓани за културни манифестации „Словото", Велес | Учество на меѓународен драмски фестивал во Сардинија, Италија | 20.000,00 |
| 9 | Културно уметничко друштво „Коле Неделковски", Велес | Одбележување на 45-годишното постоење на КУД „Коле Неделковски", Велес | 55.000,00 |
| 10 | Културно уметничко друштво „Коле Неделковски", Велес | Учество на фолклорен фестивал во Пирот, Република Србија, (патни трошоци) | 25.000,00 |
| 11 | ЗГ „Мовембер", Велес | Организација на настан за промоција на грижата за машкото здравје | 60.000,00 |

Во втората потточка „Партнерско учество на Општина Велес во реализација Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD 2)" од оваа Програма, Општина Велес обезбеди учество од сопствениот буџет во износ од 20%, односно 915.000,00 денари, за реализација на партнерскиот проект со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), за што објави Јавен повик наменет за граѓански организации од Велес за поднесување предлог проекти во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан2 (ReLOaD2) за 2023 година. Финансиските средства од оваа потточка, а согласно потпишаниот Договор помеѓу Општина Велес и УНДП, преку две исплати беа исплатени финансиски средства во висина од 914.757,00 денари.

Проектот има за цел јакнење на партиципативната демократија и процесите за интеграција на земјите од Западен Балкан во Европската унија преку јакнење на граѓанското општество за негово активно учество во процесот на донесување одлуки. Проектот е финансиран од Европската унија и го спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

Вкупната реализација на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2023 година изнесува 1.359.757,00 или 96%.

**Програма за активностите**
**на Општина Велес за поддршка на младите во 2023 година**

Општина Велес на транспарентен начин, во две фази, како нацрт и предлог документ ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2023 година, во која предвиде финансиски средства во износ од 527.000,00,00 денари.

Образложение за делот I Активности:

Делот „Активности" е составен од две потточки „Поддршка на активности на Локален младински совет на Општина Велес" и „Поддршка на активности на Младински центар во Велес".

Општина Велес во областа млади отпочна и успешно заврши неколку процеси кои произлегуваат како законски обврски од Законот за младинско учество и младински политики, а со тоа оствари бројни активности кои овозможуваат поддршка, подобрување и зајакнување на целокупното делување во областа на младите на локално ниво.

Согласно законските одредби кои произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики, Општина Велес спроведе процес за формирање на Локален младински совет на Општина Велес (ЛМС Велес), кој претставува советодавно и претставничко тело на локалната самоуправа сочинето од претставници на различните форми на организирање и здружување на млади во Општина Велес, кое има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес кон локалната самоуправа. Процесот започна со формирање на Иницијативен одбор, за што Општина Велес преку Јавен повик ги повика различните форми на здружување и организирање на млади да пријават свои кандидати кои станаа членови на Иницијативниот одбор, кои пак распишаа Јавен повик за членови на Локалното собрание на млади на Општина Велес. Согласно Прирачникот за Локални младински совети, Собранието ја започна својата работа со одржување на конститутивна седница. Собранието распиша Јавен повик за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес, а целокупната постапка до избор ја следеше Комисијата за верификација и следење на процесот на формирање на Локален младински совет на Општина Велес. По разгледувањето и административната проверка на пристигнатите пријави за номинирање на лица за членови во Локалниот младински совет по објавен Јавен повик, Комисијата состави Записник во кој се евидентираа избраните членови на ЛМС од страна на Собранието. По ова, Собранието донесе Одлука за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес, која потоа беше доставена и до Советот на Општина Велес со цел верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес. Согласно Прирачникот за Локални младински совети, Локалниот младински совет на Општина Велес брои седум (7) членови. Во Локалниот младински совет членуваат претставници на младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други форми на младинско здружување со свои претставници (млади луѓе на возраст од 15 до 29 години). Членовите на Локалниот

младински совет на Општина Велес се бираат со мандат од две (2) години, со право на уште еден (1) избор. Целиот процес на формирање на Локален младински совет на Општина Велес го следеа претставници на чадор организацијата на младински организации Коалиција СЕГА, која како стратешки партнер на Агенцијата за млади и спорт (АМС) го следи процесот на формирање на Локални младински совети на национално ниво.

Во текот на календарската година, ЛМС Велес реализираше повеќе активности со цел активно вклучување на младите во процесот на донесување одлуки на локално ниво. ЛМС Велес е првиот Локален младински совет во државата кој за прв пат оствари директна соработка со меѓународни организации и институции, како што се Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), а со поддршка на Агенцијата за млади и спорт (АМС) оствари соработка и со Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ). Истовремено, ЛМС Велес е првиот Локален младински совет во државата, кој со поддршка на Делегацијата на Европска унија и Европска куќа, оствари директна комуникација со амбасадата на Кралството Шведска, а тоа резултираше со остварување меѓународна соработка за поврзување со Локален младински совет од градот Харносанд, Кралство Шведска.

Овие соработки овозможија реализација на неколку проекти и иницијативи на локално, национално и меѓународно ниво.

Предвидените финансиски средства, во износ од 100.000,00 денари од оваа ставка беа наменети за изработка на Локална Стратегија за млади на Општина Велес, согласно законските одредби, за што кон крајот на годината беше спроведена јавна набавка, но бидејќи за истата немаше поднесено ниту една понуда, истата се поништи и предвидените финансиски средства не беа реализирани.

Во врска со втората потточка „Поддршка на активности на Младински центар во Велес" од оваа Програма, а согласно Законот за младинско учество и младински политики, Општина Велес преку Јавен повик избра организација за млади, Фондација за локален развој и демократија „Фокус" од Велес, која во име на група организации заедно со партнер организацијата Извиднички одред „Димитар Влахов", Велес, раководи и управува со Младинскиот центар во Велес. За истото, Општина Велес и избраната организација потпишаа и Договор за управување со Младински центар во Велес, во временски период од три (3) години.

За непречено функционирање и работење на Младинскиот центар, во оваа потточка, а согласно Договорот за управување со Младински центар во Велес, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 427.000,00 денари, која во целост беше исплатена кон избраната организација.

Процесот на отворање на Младински центар во Велес, во континуитет го следеше Агенцијата за млади и спорт (АМС) заедно со нивниот стратешки партнер и во координација со Сојузот за младинска работа (СМР). Младинскиот центар во Велес оваа календарска година, на денот на неговото официјално отворање, 12 август, одбележа една година постоење, со што истовремено беше одбележан и меѓународниот Ден на младите. Младинскиот центар во Велес е сместен и функционира во просториите на ЛБ „Гоце Делчев", Велес.

Останатите законски одредби кои произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики, односно активностите во врска со измените во Статутот на Општина Велес и назначувањето на Службеник за млади од редовите на општинската администрација кој треба да е одговорен за работењето на Канцеларијата за млади, за координирање и следење на работата на Локалниот младински совет, за Младинскиот

центар, како и за спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на општината, се веќе реализирани.

Службеникот за млади оствари контакти и се овозможи нова соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), за спроведување на двегодишен проект насловен „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", кој во партнерство се спроведува и во други општини во Албанија, Србија, Косово и Босна и Херцеговина. Целта на проектот е поддршка на младински иницијативи, поттикнување на меѓусебно разбирање и доверба. Во рамките на проектот се реализираа активности како што се поддршка за воспоставување и развој на Локални младински совети, истражувања, обука на членови од локалната заедница, поддршка на граѓанските организации и подготовка на Националната стратегија за млади. Како партнер на УНДП и УНФПА, Општина Велес беше избрана за една од петте партнер-општини каде се реализира овој проект во текот на 2023 година. Придобивки од проектот: зајакнување на капацитетите на општината за младински политики, поддршка на локалниот граѓански сектор и можности за регионална соработка. За реализација на овој проект беше остварена и средба со Градоначалникот на Општина Велес, потпишување на Меморандум за соработка и реализација на повеќе проектни активности кои се предвидени во рамки на проектот.

Во соработка со Програмата за волонтери на Обединетите нации (UN Volunteers), преку Јавен повик, во Општина Велес беше спроведен процес за времено ангажирање на волонтер од заедницата во временски период од шест месеци, за што Програмата обезбедува финансиска поддршка. Со тоа Општина Велес се вбројува во ретките три единици на локалната самоуправа кои овозможуваат директна пракса и работење на млади лица од локалната заедница да придонесат кон општото добро за младите во генерална смисла на зборот.

За останите активности на Службеникот за млади во текот на 2023 година, беше подготвен Извештај за работата на Службеникот за млади за 2023 година, кој беше ставен на Дневен ред на седница на Советот на Општина Велес, а согласно законските одредби и јавно објавен на интернет страницата на Општина Велес и истовремено, доставен до Агенцијата за млади и спорт (АМС).

Во 2023 година процентот на реализација на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2023 година изнесува 427.000,00 или 81%.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТ НА ЗАШТИТАТА И САСУВАЊЕТО И ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА ВО 2023 ГОДИНА

Со реализацијата на процесот на децентрализацијата во јули 2005 година и новите надлежности на локалната власт, работата и вработените во Териториjалната противпожарна единица станаа дел од администрацијата на Општина Велес.

Териториjалната противпожарна единица дејствува на територијата на Општина Велес, но ги покрива и подрачјата на соседните општини Чашка и Градско кои немаат формирано сопствена противпожарна единица.

Со цел за навремено, ефикасно и оранизирано спроведување на активностите од облста на заштитата и спасувањето, Општина Велес, во зависност од потребата соработува со надлежните државни органи и тоа: Дирекција за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Министерството за одбрана и др.

Во согласност со Законот за пожарникарството („Службен весник на РМ" бр.67/04. 55/13), средствата за плати и надоместоци за плати за вработените во Териториjалната противпожарна единица се обезбедуваат од Буџетот на РепубликаСеверна Македонија, додека финансирањето на другите оперативни активности и тековно одржување сесредства од Буџетот на Општина Велес.

Со Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2023 (Службен гласник на Општина Велес бр 19/22) беа планирани 4.600.000,00 денари, од кои:

- за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт планирани беа 1.860.000,00,
- за поправки и тековно одржување 760.000,000
- облека – униформи и обувки 300.000,00
- техничка и заштитна опрема 1.240.000,00
- материјални трошци за физички и равни лица – учесници во гаснење пожар 30.000,00
- непредвидени трошоци 10.000,00
- расходи за заштита и спасување 400.000,00.

Во текот на 2023 година беа донесени две измени на Програмата. Со првата измена износот на планирани средства се промени на 4.820.000,00 денари. Разликата од 220.000,00 денари, се обезбеди од прошитувањето на буџетот на општината. Средствата кои се однесуваат на комуналните услуги, греење, комуникација и транспорт, дополнително, се зголемија за 80.000,00 како резултат на зголемување на износот на планирани средства за регистрација на моторни возила од 80.000,00 на 160.000,00 денари, за 40.000,00 денари се зголеми изност на планирани парчни средства во делот на поправки и тековно одржување и во делот сервисирање на ПП Апарати. Средствата планирани за Облека – униформи и обувки се зголемија за 100.000, 00 денари. Платите и надоместоците на пати се предвидени на износ од 23.800.000, 00 денари.

Со втората измена на програмата износот на планирани средства се промени и изнесуваше 4.910.000,00 денари, односно се зголеми за 90.000,00 во делот на Течни горива- нафта греење, трошоци за интернет и друга комуникација. Средствата беа обезбедени од проширување на буџетот. Платите и надоместоците на пати се предвидени на износ од 25.750.000, 00 денари.

Вкупната реализација на програмата на противпожарната заштита за 2023 е 88,60%, односно од планираните 4.910.000, 00 потрошени се 4.350.320,00 денари.

Реализацијата на планираните средства за комуналните услуги е 82%, на средствата планирани за ситен инвентар, алат и други материјали за поправка е 91,3 %, за поправки и тековни одржување изнесува 99,62%, а реализацијата за купување опрема и други машини е 100%

**Табела**

| ***Ред. Бр.*** | **активности** | **Предвидени средства** | **Прв ребаланс** | **Втор ребалан** |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | **Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт** | **1.860.000** | **1.940.000** | **2.080.000** |
| *1.1* | Електрична енергија | 500.000 | 500.000 | 350.000 |
| *1.2* | Вода , канализација и ѓубретарина | 300.000 | 300.000 | 300.000 |
| *1.3* | Течни горива-нафта за греење | 600.000 | 600.000 | 750.000 |
| *1.4* | Трошоци за интернет и др. комуникација | 80.000 | 80.000 | 200.000 |
| *1.5* | Горива и масла | 300.000 | 300.000 | 300.000 |
| *1.6* | Регистрација на моторни возила | 80.000 | 160.000 | 180.000 |
| | | | | |
| *2.* | **Поправки и тековно одржување** | **760.000** | **800.000** | **710.000** |
| *2.1* | Резервни делови | 200.000 | 200.000 | 110.000 |
| *2.2* | Попрака и сервисирање на возила | 300.000 | 300.000 | 300.000 |
| *2.3* | Сервисирање на ПП апарати | 60.000 | 100.000 | 100.000 |
| *2.4* | Набавка на гуми | 200.000 | 200.000 | 200.000 |
| | | | | |
| *3.* | **Облека –униформи и обувки** | **300.000** | **400.000** | **460.000** |
| | | | | |
| *4.* | **Техничка и заштитна опрема** | **1.240.000** | **1.240.000** | **1.220.000** |
| | | | | |
| *5.* | **Материјални трошоци за физички и правни лица – учесници во гаснење на пожар и други видови непогоди** | **30.000** | **30.000** | **30.000** |
| | | | | |
| *6.* | **Непредвидени трошоци** | **10.000** | **10.000** | **10.000** |
| | | | | |
| *7.* | **Расходи за заштита и спасување** | **400.000** | **400.000** | **400.000** |
| *7.1* | Средства за опрема на просторните сили за заштита и спасување | 300.000 | 300.000 | 300.000 |
| *7.2* | Надомест на комисија за процена на штети | 100.000 | 100.000 | 100.000 |
| | ***Вкупно*** | **4.600.000** | **4.820.000** | **4.910.000** |

| Средства од Буџет на РСМ | | Наменска | Прв ребаланс | Втор ребалан |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Плати и надоместоци од плати | | 23.800.000 | 26.750.000 |

## Детален извештај за трошење на буџетската резерва

Од вкупно планираните средства за тековни резерви во програма А0 - Совет на Општина, ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 310.000 денари и програма Д0-Градоначалник,ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 540.000 денари. Во 2023 година вкупно се потрошени 844.750 денари и тоа: 310.000 од програма А0 - Совет на општина Велес и 534.750 од програма Д0 - Градоначалник.

· **Тековни резерви**

**Програма А0-Совет на Општина**

1.Исплатени се 150.000 денари, за помош во Република Сирија, за потресите кои се случија во месец февруари.

2. Исплатени 70.000 денари финансиска помош поради пожар во семеен дом:
Васко Здравкин 35.000 денари
Трајче Драскачев 35.000 денари

3. Исплатени 90.000 ден. за лекување на:
Лилјана Илова 35.000 денари
Благојче Петров 35.000 денари
Андријана Стојанова 20.000 денари

Вкупно од Програмата А0 - Совет на Општина од контото 413110-Тековни резерви (разновидни трошоци) се потрошени вкупно **310.000** денари.

**Програма Д0-градоначалник**

Од тековни резерви програма Д0 - Градоначалник од контото 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи) - за смрт на член на потесно семејство се исплатени средства во износ од 134.750.

| Име и презиме | Смрт на член на потесно семејство |
|---|---|
| **Ирена Левкова** | 66.022 |
| **Емилија Андовска** | 68.728 |
| Вкупно | **134.750** |

2. Исплатени се 50.000 денари за подмирување на дел од трошоците за операција на Давид Андов.

3. Исплатени се 300.000 денари за помош во Република Турција, за земјотресот кој се случи во месец февруари.

4. Исплатени се 30.000 денари за здружението на Македонците по потекло од Албанија „Сонце“, за поддршка на 16. издание на фестивал „Македонско културно лето“. Исто така исплатени се 20.000 денари за поддршка на 45. годишнината од првиот Илинденски марш.

Вкупно од Програмата Д0 - Градоначалник од контото 413110-Тековни резерви (разновидни трошоци) се потрошени вкупно **534.750** денари.

## ИЗЈАВА ОД ОДГОВОРЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ

Општина Велес води целосна и комплетирана, навремена ажурна и хронолошка сметководствена евиденција на сите книговодствени настани.

Признавањето на приходите и другите приливи, расходите и дргите одливи содржани во главната книга на буџетот се спроведува според начелото на парично искажување.

Целокупното финансово и материјално работење за деловната 2021 год. е засновано на веродостојни документи-влезни и излезни ,кои се предмет на книжење во главната книга.

Одделните расходни ставки кои се поминати преку трезор се засновани на спецификации согласно упатството за начинот на трезорско работење ,како и договори согласно законот за јавни набавки.

Сите извештаи согласно законските прописи се потполни, точни и навремено доставени до надлежните институции .

Одговорен сметководител

Будимка Бошкова

**Бр.53**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за разгледување Информација за укинување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УБ 32 во УЕ IV и дел од УБ 47 во УЕ IX, Општина Велес, од Уставен суд на РМ**

Се објавува Заклучокот за разгледување Информација за укинување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УБ 32 во УЕ IV и дел од УБ 47 во УЕ IX, Општина Велес, од Уставен суд на РМ, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.03.2024 година.

Број 08-1543/19
15.03.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.03.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за разгледување Информација за укинување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УБ 32 во УЕ IV и дел од УБ 47 во УЕ IX, Општина Велес, од Уставен суд на РМ**

1.Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за укинување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УБ 32 во УЕ IV и дел од УБ 47 во УЕ IX, Општина Велес, од Уставен суд на РМ.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-1518/20
14.03.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.54**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Годишен финансиски извештај за работата и завршна сметка на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 903,787 и 603 (општинска) за 2023 година**

